# СТАРЕЦ СОФРОНИЈ
# ЗА ДУХОТ И ЖИВОТОТ



131.
Чистата молитва не им се подава на оние што многу изучуваат. Во оваа смисла, патот на теолошката наука не е воопшто ефикасен и ретко води кон чистата и усрдна молитва!

132.
Теологија е состојба на духот, остварена од благодатта Божја. Овде се наоѓа разликата помеѓу теологијата и философијата, помеѓу вистинската теологија и теологијата на интелектуалците. Ако едно такво вдахновение го допре вашето срце, тоа веќе не ќе има крај на земјава. Тоа е неисцрпно, зашто во него се наоѓа почетокот на вечниот живот. Ако дури и вашиот телесен состав се распадне, ова вдахновение ќе живее во вас со огромна моќ!

133.
Бог може да го допре духот на човекот и на непосреден начин да му го даде самопознанието. Постои голема разлика помеѓу ова познание и она што се стекнува во теолошките школи. Може да е многу опасно да се студира теологија без егзистенционален опит на животот, во Духот Христов. Во опасност сме, навистина да ја изучуваме теологијата во нејзините апофатички форми, како философија или поезија. Во опасност сме да присвоиме некој погрешен став, да се сметаме себе си за нешто големо, што е доволно за да се загубиме. Должни сме да бараме во животот еден друг вид на вдахновение, во Христа.

134.
Теолошката наука што се учи во школите и која стана научна дисциплина достапна за сите, не ни овозможува познание на Бога. Познанието на Бога извира од животот во Бога, кој се раѓа во внатрешноста на срцето.

135.
Возможно е да станеме жртви на духовната прелест, ако повеќе го цениме она што ни го дава теолошката наука, отколку светоста на животот!

136.
Некој може да биде многу учен, да има академски дипломи, а да остане крајно неук за патот на спасението. Кога некој има свет и безгрешен живот, интелектуалното знаење може да даде чудесни плодови. Наспроти тоа, знаењето без љубов, не може да го спаси човекот!

137.
Без дух на покајание, без опит на вистинско послушание, никој не може да стане вистински богослов или свештеник, што значи, личност способна да ги поучи другите на вистинскиот христијански пат.

138.
За да ја научиме вештината на животот во Христа, не е потребно да прочитаме десетици или стотици книги. Мојот духовен Отец ме советуваше да читам само неколку страници на ден. Петнаесет минути, половина час, но да се погрижам да го остварам во мојот живот она што сум го прочитал.

# СТАРЕЦ СОФРОНИЈ

139.
Светиот Апостол Петар за *царското свештенство* вели, дека може да биде остварено со нашето учество во Светата Литургија. Верно, плашете се да одите од навика на Литургија. Потрудете се секогаш подлабоко да го живеете она што го живееше Христос за време на Тајната Вечера, кога ја востанови оваа голема тајна, Божествената Евхаристија. Тогаш, Литургијата ќе се покаже спасителна не само за вас, туку и за сите што учествуваат во неа. Не им припаѓа само на свештениците да ги живеат во своите срца страданијата Христови за спасение на светот. А светот е жртва на гревот и на смртта!

140.
Секое нешто што постои, постои зашто Бог мисли на него! Бог мисли на светот и светот постои! Ако ја барате волјата Божја, едноставно и со смирение, Бог може да ја промени која било состојба, дури и онаа најнегативната. Следствено, ако му бидете послушни на вашиот духовен Отец, ако имате доверба во него, не плашете се дека ќе бидете водени погрешно. Бог секогаш ќе наоѓа начин да ви ја открива вистината. Чекорејќи со послушание, го правите вашето срце почувствително на секое духовно движење во вашиот живот.

141.
Нема големо значение ако совршенството на нашиот духовен Отец е несовршено. Бог ќе ги исправи нашите дела во мера во која тие се извршуваат во послушание и со вера во Христа. Тоа што ни се чини погрешно, ќе стане правилно. Наспроти тоа, она што ни се чини совршено во нашата логика, многупати не е ништо друго, туку отсјај на нашата огревовена волја, така што Бог нема да е со нас.

142.
Наједноставниот пат до Христа е да сме послушни, и да не ја наложуваме нашата волја. Тоа е најсилната војна против страстите!

143.
За да ја појмиме тајната на животот во Христа, должни сме да го поминеме патот на послушанието. И да чекориме многу внимателно. Доколку спознанието му е правилно, човек може да има големо вдахновение, правејќи ја и наједноставната работа, како на пример, подготвувањето храна. Наспроти тоа, без послушание, па макар и да сте патријарх, епископ или свештеник, може да се изгубите.

144.
Во нас го носиме прародителскиот грев, оној отров на првото Адамово искушение во рајот - *ќе бидеме како богови* но, послушанието може да нѐ ослободи од оваа состојба.

145.
Сѐ зависи од нашиот однос со Бога. Ако имаме доверба во Неговата Промисла, ќе најдеме сила да го следиме словото на нашиот духовен Отец. Логиката што му е својствена на секојдневниот живот и на нашите размислувања, не се доволни. Бог го напушта оној што има преголема доверба во својот разум! Нема големо значение ако некое слово на духовниот Отец е против нас или ако некој совет ни се чини неразумен за општата логика. Ако сме подготвени да го следиме словото, советите, ако имаме доверба во него, тогаш Бог ќе ги нареди работите, така што крајот да биде позитивно. Тајната на послушанието е една од посериозните стварности на патот кон спасението!

146.
Господ да ве чува! И вие држете го правилниот став. Однадвор ништо не се забележува. Тоа е еден живот за кој не можеме да кажеме ништо особено, но однатре, заради послушанието, се наоѓаме во состојба на постојана подготвеност. Таков треба да биде христијанинот: една жица од висок напон, на која може да застане една птичка без притоа да претрпи и најмала повреда, но низ која протекува енергија способна да го разнесе целиот свет. Еве, на кој начин го допираме вечното Царство Христово.

# ЗА ДУХОТ И ЖИВОТОТ

147.
Со мал подвиг на послушание, човекот навлегува во беспочетното битие Божјо.

148.
Послушанието е неопходно за вечното спасение! Подгответе го вашето срце и вашиот ум! Задржете позитивен внатрешен став!

149.
*Да бидеме според образ Божји!* Не можеме да стигнеме до ова, освен преку послушание, слично на послушанието Христово, послушанието на Богородица, и на сите оние што ги следеа Нивните стапки.

150.
Кога сме собрани сите заедно, должни сме да бидеме како еден човек, според образот на Троичниот Бог, Кој е само Еден Бог! Ова не можеме да го постигнеме освен преку примањето на Светиот Дух во себе. Доколку имаме внатрешно безредие на нашите лоши помисли, напорите ќе ни бидат безуспешни. Како да се здобиеме со оваа благодат? Како да живееме, та Бог и Неговиот Свет Дух да се вселат во нас? Треба да бидеме послушни! Само ако постојано внимаваме на нашиот брат, успеваме да создадеме во нас еден вид *радар*, за да го почувствуваме она што другите го мислат, нивната волја и духовната состојба. Наспроти тоа, без послушание, особено ако прво го бараме нашиот спокој, ќе бидеме одделени од другите и ќе бидеме несложни.

151.
Духовното послушание е неопходно во секојдневниот живот! Да ја претпочитате волјата на другиот, повеќе, отколку вашата! Да го примите со потврден став секое барање на вашиот духовник, на еден брат или на една сестра, така што ќе создадете лека-полека, внатре во вас и околу вас една благопријатна атмосфера и вашето срце ќе стане многу меко, многу чувствително на секое внатрешно движење, на сите духовни промени.

152.
Кога го собираме нашиот ум, секој од нас, нека го помоли Бога да ни даде дух на послушание на Неговата волја и сите да нè благословува. Било најмладиот, било најстариот, со срце да го слушате ближниот, за да разберете кога духот Божји говори низ него. Еден дваесетгодишен ѓакон Свети Атанасиј Велики а не патријарсите, ниту епископите или другите маченици, беше оној што го воведе поимот *едносуштен*, на Првиот Вселенски Собор 325 година, за да го определи односот помеѓу Отецот и Синот во Света Троица. Но, за да го достигнеме ова, треба да вложиме труд, а ќе го постигнеме само со послушание!



превод од грчки: Митрополит Струмички Наум